Согласно член 108 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ, бр.161/19), Училишниот одбор при Општинското основно училиште „11 Октомври" – Скопје, Центар на Седницата одржана на ден 13.11.2024 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за донесување и усвојување на Правилник за видовите на пофалби, награди, изостаноците од настава и педагошки мерки за учениците од ООУ„11 Октомври" – Скопје, Центар и начинот за нивно доделување или изрекување

Член 1

Училишниот одбор донесе Одлука за донесување и усвојување на Правилник **за видовите на пофалби, награди, изостаноците од настава и педагошки мерки за учениците од ООУ„11 Октомври" – Скопје, Центар и начинот за нивно доделување или изрекување**.

Член 2

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзино донесување.

Дел бр. 02- 400/3

13.11.2024

Претседател
на Училишен одбор
Росица Младеновска Андоновска

Врз основа на член 70, член 72, член 75, член 76 како и член 108 став 1 алинеа 12 од Законот за основното образование (Сл. Весник на Република Северна Македонија бр.161/19 и 229/20), Училишниот одбор на ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар, на седница одржана на ден 13.11.2024 година, изготви :

ПРАВИЛНИК

за видовите на пофалби, награди, изостаноците од настава и педагошките мерки за учениците од ООУ„11 Октомври" – Скопје, Центар и начинот за нивно доделување или изрекување

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВНО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
11 ОКТОМВРИ
Бр. 01-400/4
13.11.24
СКОПЈЕ, ЦЕНТАР

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат правата и обврските на учениците, видовите на пофалби и награди, изостаноци од настава и педагошки мерки за учениците од ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар и начинот за нивно доделување или изрекување.

Член 2

Овој Правилник се темели на низа Закони, подзаконски акти и меѓународни документи, кои обезбедуваат основна рамка за заштита и промовирање на правата на децата, како:

- Законот за основно образование;
- Законот за правата на детето;
- Упатство за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било формите на насилство, злоупотреба и заменарување;
- Протокол за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување;
- Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на детето.

Член 3

Ученикот има право и обврска да ја посетува наставата и да учествува во воспитно-образовната работа што ја организира училиштето.

Ученикот има обврска да постапува во согласност со правилата за однесување во училиштето предвидени во куќниот ред, редовно да ја посетува наставата и да ги исполнува планираните права, обврски и задачи што се предвидени со наставниот план и програми и годишната програма за работа.

Секој ученик има право да биде запознаен на соодветен начин, во согласност на своите знаења и можости, со правила на однесување во училиштето предвивидени во куќен ред, како и наставни планови и програми.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 47

Со одредбите на овој Правилник задолжително да се запознаат сите родители, како и сите ученици соодветно на нивната возраст, веднаш по неговото усвојување и стапување на сила, како и на почетокот на секоја учебна година.

Член 48

Обврска на секој наставник е да постапува, да се повикува и да се раководи според одредбите од овој Правилник.

Член 49

Правилникот влегува во сила со денот на донесување и истиот ќе биде објавен на веб страната на училиштето.

Изготвил:

Мерлина Русева - Советник
за нормативно-правни и општи работи , во
соработка со Родители од Совет на родители;

Претседател на Училишен Одбор

Росица Младеновска Андоновска

ПРИЛОЗИ:

Табели со нивоа на насилство во согласност со Упатство од МОН.